РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-5204/1
18-11-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 55-тата седница одржана на 16.11.2021 година ја донесе следната

*ОДЛУКА*

Пријавата заведена под број 12-3912/1 од 16.11.2020 година **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што во предметната пријава не се изнесени наводи кои упатуваат на елементи за кои Комисијата има надлежност да постапува согласно одредбите од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси..

Предметот со број 12-3912/1 од 16.11.2020 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Од страна на непознат подносител на ден 16.11.2020 година поднесена е пријава за раководството на /// и оформен е предмет број 12-3912/1 од 16.11.2020 година.

Во пријавата подносителот (вработени во ///) изнесува наводи за повреда на законските права од страна на раководството на нивниот работодавач - ///, во околности на справување со Ковид-19 во рамки на организацијата. Според наводите од пријавата, по идентификување на два случаи на заразени со вирусот Ковид-19 во централната канцеларија на организацијата, раководството постапило селективно при овозможување на тестирање, изолирање и отсуство на вработените.

Од страна на подносителот на пријавата, чија содржина е испратена до ДКСК но и до повеќе други институции, се бара објава на наводите изнесени во опишаните околности и нивно проследување до министерот за здравство Венко Филипче заради добивање одговор во врска со прашања кои се однесуваат на внатрешното управување како и на справувањето со вирусот во рамки на организацијата.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот пријавените дејствија не се корупција согласно дефиницијата утврдена во Законот за

спречување на корупцијата и судирот на интереси по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: А.Р.М.
Одобрил: м-р В.Г., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk